ЗЕЛС **ИНФОРМАТОР**

**Со квалитетни услуги поблиску до граѓаните**

Број 4 септември 2008

# Стартуваа посетите во Велес и Чашка

Како што е предвидено во програмата ,,Етика на локално ниво,, од 1 до 4 во Велес и од 9 до 11 септември во Чашка, стартуваа посетите во најуспешните општини, од страна на тимови од колеги. Тимот оценувачи, предводен од градоначалникот на општина Штип, Панде Сарев претставници на неколку други одштини од земјава, како и експертите на Советот на Европа, Цезари Трутковски и Пол Мекалион, ги скенираа состојбите во општнaта Велес. Лидер на тимот при посетата на Чашка неколку дена подоцна, беше градоначалникот на општина Теарце, Рами Керими, а сите тие имаа задача да го утврдат напредокот во однос на етичките стандарди во двете општините, но и да ги дефинираат предизвиците со кои ќе се соочуваат тие во понатамошните процеси.




Тимовите за проценка остварија повеќе средби со раководители на сектори во двете општини, потоа со граѓанскиот, невладиниот, бизнис-секторот, како и со претставниците од месните заедници. Генерална оценка е дека општината Чашка во однос на можностите има постигнато огромен напредок, а општината Велес е неколку чекори понапред од останатите во однос на етичките стандарди. По завршувањето на посетите, тимовите имаат задача да направат првични проценки, а по шест недели треба да подготват и достават до општината конечен извештај, кој покрај другото треба да содржи и препораки за подобрување на стандардот, каде евентуално е забележано пониско ниво на реализација.

Во текот на октомври посетите продолжуваат во Штип, Струмица, Центар и Битола.

На крајот од програмата ќе биде организирана завршна конференција за постигнувањата направени од општините - учеснички, каде преку претставување на најдобрите пракси од финалистите, ќе се пренесе искуството на сите општини во земјава.

Сите општини кои ги исполнија барањата на програмата, ќе добијат сертификат за успешно учество во програмата ,,Кон транспарентна општина,, а ЗЕЛС ќе подготви брошура за најдобра пракса во јавната етика. Истовремено, сите примери ќ е бидат објавени и на веб-страницата на ЗЕЛС.

# Ранг листа на најтранспарентните општини

| Општина: | категорија | вкупно бодови |
|---|---|---|
| Чашка | отчетност | 79 |
| Велес | добро раководење | 77,2 |
| Штип | нулта толеранција за корупција | 72 |
| Струмица | професионалност | 68,6 |
| Битола | транспарентност | 66 |
| Центар | учество на граѓани | 65,6 |

# Општина Радовиш го усвои планот за подобрување на лидерството

Советот на Општината Радовиш, на почетокот на јули, го усвои планот за подобрување на лидерството, што е една од трите основни целини во Програмата лидерски стандарди. Во останатите пет општини, Виница, Битола, Македонски Брод, Берово и Скопската општина Чаир, плановите за подобрување се во фаза на изготвување. Посетите од страна на тимовите од колеги кои имаа задача да извршат проценка на состојбите, но и на предизвиците со кои ќе се соочат општините во понатамошното работење, се завршени, во сите шест единици на локалната самоуправа. Мониторингот на имплементацијата на плановите, ќе се спроведува и во наредните два месеци.

CONTACT e-mail contact@zels.org.mk • www.zels.org.mk • Ул.: Женевска 66, 1000 Скопје • Тел: + 389 (0) 2 30 99 033

ЗЕЛС
# ИНФОРМАТОР
Број 4 септември 2008

Координатори на проектот Лидерски стандарди и најдобри практики: Анита Николеска, e-mail: anita.nikoleska@zels.org.mk (најдобри практики) Ирена Николов, e-mail: irena.nikolov@zels.org.mk (етика на локално ниво) Вилијам Христовски e-mail: vilijam.hristovski@zels.org.mk (лидерски стандарди); Подготви: Благородна Абрашева - Ноциќ

**Етика на локално ниво**

## Шесте најуспешни општини на студиска посета на Полска

Градоначалници и претставници од администрацијата на општините Велес, Чашка, Битола, Штип, Струмица и Центар, прогласени за најуспешни општини од Програмата ,,Етика на локално ниво,, од 13 до 20 јули, присуствуваа на студиска посета на Полска, во организација на ЗЕЛС и Советот на Европа.

Американско-Полската фондација ,,Civis Polonus,, подготви интересна програма за претставниците од нашата земја, кои имаа можност да дознаат повеќе за поделеноста на локалната самоуправа во Полска, и да разменат искуства со своите колеги од општините, квартовите, војводствата од Варшава, за нивните најдобри практики и начините на нивно функционирање. Делегацијата имаше и средби со претставници од тамошните општини кои учествувале во програмата ,,Транспарентна Полска,, но и од фондации и организации кои ја креирале и спроведувале оваа Програма.

Искуствата на општините Таргувек и на градот Пулави покажале дека транспарентноста при објавување на услугите, достапноста на истите до граѓаните, како и тесната соработка со невладиниот сектор, се од огромна важност за градење на транспранетни, функционални и успешни општини. Нашата делегација исто така размени искуства и идеи со полските претставници за достапност до јавни информации за спречување на корупцијата на локално ниво. Интересен беше примерот со формирање на ,,младински совети,, во квартовите на Варшава, а подоцна и во другите општини во Полска, - проект што го спроведува ,,Civis Polonus,,. Станува збор за младински совети кои се формираат секоја година и во кои работат млади од 13 до 19 години. Нивната цел е подигање на свеста кај младите за своите родни места и поттикнување на желбата за нивна поголема вклученост во изнесување на идеи пред локалните власти, што резултира со побрз развој на нивните средини.

Делегацијата се врати во своите општини со поголеми искуства и со евидентна желба видените добри пракси од Полска, да ги преименат во нивните средини.

,,Престојот во неколкуте полски општини беше од голема корист за мене лично, бидејќи можев да се запознаам изворно и практично со многу нивни резултати, кои сега планираме



да ги имплементираме и во нашата општина,, вели Лидија Неделковска, раководител на кабинетот на градоначалникот на Општина Центар. ,,Практичните искуства се многу покорисни од било каков теоретски семинар за обука и едукација на општинската администрација. Првичните активности кои ќе ги имплементираме по примерот на Полските општини, кај нас, се: осовременување на граѓанскиот информативен центар, практичното функционирање на едношалтерскиот систем, унапредување на соработката со невладиниот сектор, хортикултурното уредување на јавните површини. Исто така, воспоставивме и директна соработка со одделни Полски институции за реализација на заеднички проекти во понатамошниот период, нагласува Неделковска .

